**Flonivin® Boulardii (Флонивин® Буларди),** ***капсули***

**Диететски производ – храна со посебна нутритивна употреба**

***Flonivin® Boulardii, капсулите*** **се** храна со посебна нутритивна употреба со 10 милијарди корисни микроорганизми *Saccharomyces boulardii,* цинк и витамин Д3, наменети за потребите за исхрана на лица со недостаток на цинк, хиповитаминоза на витамин Д, лица со акутна и патничка дијареа, дијареа предизвикана од антибиотици, кај стандардна терапија на инфекција со Хеликобактер пилори, воспалителна болест на цревата (Кронова болест, улцеративен колитис) и синдром на "нервозно црево", при терапија на инфекција со бактеријата *Clostridium difficile,* како помош во регулирањето на цревната микрофлора, кај луѓе со ослабен и нарушен имунитет склони кон чести инфекции, како и кај луѓе со други нарушувања и состојби за кои е потребна надокнада на витамин Д3 и цинк.

| **Состав на активни компоненти** | **1 капсула** | **% НРВ*** | **100 g** |
|---|---|---|---|
| Лиофилизирана култура на корисни микроорганизми *Saccharomyces boulardii* | 500 mg ($10x10^9$ CFU**) | - | 74 g |
| Цинк (цинк оксид емулгиран прашок) | 10 mg | 100 | 1,5 g |
| Витамин Д3 (холекалциферол) | 25 µg | 500 | 3,7 mg |

*НРВ – нутритивна референтна вредност
**CFU – број на бактерии кои формираат колонија

**Состојки**

*Saccharomyces boulardii*, хидроксипропил метилцелулоза (згуснувач), цинк оксид, холекалциферол, магнезиум стеарат (средство против згрутчување).

**Употреба**

Возрасни и деца постари од 12 години: Еднаш дневно да се испие една капсула, без џвакање и со доволна количина вода.

**Забелешки**

Производот е нутритивно нецелосна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна за лицата за кои е наменет.

Да се чува далеку од дофат на деца.

**Предупредувања**

Препорачаната дневна доза не треба да се надминува.

Производот не смее да се користи од лица преосетливи на која било состојка во производот.

Производот не е наменет за лица под 12 годишна возраст, лица со чир на желудникот или дванестопалачното црево, како и лица со хиперкалцемија и хиперпаратироидизам.

Лицата кои се на терапија со антимикотици не треба да користат ***капсули Flonivin® Boulardii,*** поради можно отсуство на терапевтски ефект.

Употребата на производи со *Saccharomyces boulardii* не се препорачува кај имунокомпромитирани лица, лица на имуносупресивна терапија, вклучително и пациенти со алографт, непосредно по операцијата, кај лица со крвава дијареа, како и кај лица со централен венски катетер.

Бремените жени и доилки можат да го користат овој производ само по препорака од нивниот лекар.

Треба да се внимава кај лица кои земаат тиазиди, кардиотонични гликозиди, рифампицин, изонијазид, фенитоин и барбитурати.

Истовремена употреба со кортикостероиди може да го намали ефектот на овој производ.

Производот мора да се користи под медицински надзор.

Не е наменет за парентерална употреба.

**Начин на чување**

Да се чува во оригиналното пакување, заштитено од светлина и влага, на температура до 25 °C.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба назначен на пакувањето.

**Пакување**

10 капсули

Произведено во Република Србија.